РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 28-7687/1
29-09-2023 20 ___ год.
СКОПЈЕ



# К О Н Е Ч Е Н  И З В Е Ш Т А Ј
# Н А  В Н А Т Р Е Ш Н И О Т  Р Е В И З О Р #01R/23#

**Септември, 2 0 2 3 година**

## РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

### СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | 3 |
| ВОВЕД | 3 |
| Прикажување на ревизорската област (ревидирана област) општи информации | 3 |
| КРАТКА СОДРЖИНА | 4 |
| РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ | 4 |
| ПРЕПОРАКИ | 5 |

## РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

### ВОВЕД

Ревизијата е извршена во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на Република Македонија бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015), во периодот од 17 Јули до 30 април 2023 година од страна на советникот-внатрешен ревизор од одделение за внатрешна ревизија во Општина Аеродром, согласно овластување бр. 08-5157/1 од 07.07.2023 година.

Предмет на овој Конечен извештај е ревизија на процесот на водење на управна постапка, согласно точка 1 (еден) од Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2023 година бр.08-5387/1 од 17.07.2023 година.

Ревизијата е спроведена преку проверка на дел на договорите од основните училишта на територија на Општина Аеродром, при што акцентот беше ставен на договорите кои произлегуваат од процесот на јавни набавки, додека останатите кои произлегуваат од изнајмување на спортските сали и објектите што се дел од училишниот двор и соработка со странски фондови не беа опфатени во изборот за ревизорска анализа.

### Прикажување на ревизорската област (ревидираната област) општи информации

Постапката преку електронскиот систем јавни набавки се води во зависност од видот на набавката и потребите на основните училишта. Договорите што се склучуваат преку ЕСЈН, се во согласност со законските прописи. Договорите ги објавува овластено лице, во случајов секретарите на ОУ. Постапките се отвараат и се разгледуваат комисиски и се утврдува најдобрата понуда.

Договорите што се склучуваат во согласност со законскиот лимит до 1000 евра во денарска противвредност заради транспарентност и одбирање на најдобрата понуда, препорачливо е да се земат 3 понуди од извршителите на услугите или пак да се пушти барање за понуда до најмалку три компании.

Потоа, се одбира најдобрата понуда што е добиена и се склучува договорот.

## КРАТКА СОДРЖИНА

Ревизорска цел е утврдување:

**Дали при следење на договорите во основните училишта во Општина Аеродром се постапува во согласност со законските прописи и рокови.**

**Ревизорски сознанија:**

Со ревизорското испитување се констатира следното:

Кај договорите склучени преку системот за јавни набавки (ЕСЈН) не се забележани никакви пропусти. Кај договорите што се склучени со законскиот лимит до 1000 евра во денарска противвредност, одреден број од договорите што се со мала вредност, не се побарани 3 понуди.

## РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

Ревизија е извршена на предметите коишто се водени преку ЕСЈН и преку дел од договорите што се заведени во излезните фактури заведени во архивите на основните училишта.

## ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**30.08.2023 година**

## ПРЕГЛЕД

**<u>Основно училиште Блаже Коневски</u>**

**Наод 1:**

Основното училиште по прегледување на дел од договорите, ги има следниот наод: за до има надминување на роковите за следниве предмети:

1. За договорот склучен преку ЕСЈН, нема никаква забелешка, се е во согласност со законските прописи и според законот за Јавни Набавки.

2. Од приложените договори на лице место, како и дел од подоцна доставените договори, има забелешка на фактот што дел од договорите, особено кај тие што се од помала вредност, не се склучени со три понуди.

**Препорака 1:**

Да се почитуваат препораките и при склучување на договорите согласно законски предвидениот лимит од 1000 еу во денарска противвредност, да собираaат понуди пред да склучат договори, поради транспарентност во работењето.

**<u>Основно училиште Гоце Делчев</u>**

**Наод 2:**

Основното училиште по прегледување на дел од договорите, ги има следниот наод: има надминување на роковите за следниве предмети:

1. За договорот склучен преку ЕСЈН, нема никаква забелешка, се е во согласност со законските прописи и според законот за Јавни Набавки.
2. Од приложените договори на лице место, како и дел од подоцна доставените договори, има забелешка на фактот што дел од договорите, особено кај тие што се од помала вредност, не се склучени со три понуди.

**Препорака 2:**

Да се почитуваат препораките и при склучување на договорите согласно законски предвидениот лимит од 1000 еу во денарска противвредност, да собираaат понуди пред да склучат договори, поради транспарентност во работењето.

Скопје:

30.09.2023 година

**Советник-внатрешен ревизор во Одделение за внатрешна ревизија:**

Славе Еленовски

Република Северна Македонија-Општина Аеродром • Скопје •